ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-198/7**

**Дата: 25.02.2011**

**ДО**

**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**„ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје „Владо Тасевски“ - Скопје (во понатамошниот текст СУГС „Владо Тасевски“) на сметката на расходи на буџет на дотации, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година, додека резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги утврдивме: невоспоставениот систем на интерни контроли при процесот на плаќање, неизвршено евидентирање на земјиштето и дел од опремата со која располага училиштето, нецелосно и неправилно извршен попис на средствата и изворите на средства за 2009 година, необезбедена целосна и веродостојна документација врз основа на која се евидентирани дел од расходите и непочитување на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорното лице во СУГС „Владо Тасевски“ треба да обезбеди соодветно разграничување на должностите и одговорностите при процесот на плаќање, сметководствено евидентирање на примената опрема, правилно спроведување на пописот, комплетирање на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање и рационално и ефикасно да се користат буџетските средства при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС „Владо Тасевски“- сметка на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на СУГС „Владо Тасевски“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Снежана Божиновска – директор од 11.02.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СУГС „Владо Тасевски“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата изнесени во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на СУГС „Владо Тасевски“ на ден 31 декември 2009 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Училиштето располага со земјиште и опрема кои не се сметководствено евидентирани и не е спроведен целосен и квалитетен попис на средствата и изворите на средства за 2009 година. Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ да обезбедиме основа за изразување на ревизорското мислење за Билансот на состојба на СУГС „Владо Тасевски“ на ден 31 декември 2009 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.12.2010 до 27.12.2010 кај СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 29.12.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09 – 198/1 од 17.01.2011 година.

### 3.1 Интерни контроли

**Безготовинско плаќање**

3.1.1 Во СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје нема воспоставено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола и пишани процедури за разграничување на должностите и делегирање на овластувања во процесот на плаќањето. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека плаќањето на дел од фактурите и нивната сметководствена евиденција се врши без потпис од директорот, или пак од него овластено лице со што ќе се потврди дека сметководствениот документ е вистинит и реално ја прикажува сметководствената промена.
Наведеното не е во согласност со член 17 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и членот 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Поради невоспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, не е обезбедена заштита на субјектот од појава на евентуални измами и грешки што создава ризик од плаќање и евидентирање на трансакциите врз основа на некомплетна и неуредна сметководствена документација.

**Препорака**
Раководството на субјектот да воспостави систем на интерни контроли во процесот на плаќањето со кој ќе бидат делегирани надлежностите и овластувањата на одговорните лица, и да одреди лице кое ќе врши контрола на точноста и вистинитоста на сметководствените документи.

### 3.2 Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во СУГС „Владо Тасевски“, договорите за работа кај најголемиот дел од вработените не се изготвени согласно измените на членот 35 од Колективниот договор за средно образование кои се однесуваат на коефициентот за степенот на сложеност за утврдување на платите за соодветните звања предвидени со истиот. Неажурирањето на постојните договори за работа има за ефект неинформираност на вработените за правото на висината на

нивните плати, што е обврска на одговорното лице на училиштето предвидена со членот 44 од Колективниот договор.

Оваа состојба е надмината во 2010 година, кога за вработените се изготвени поединечни решенија за распоред на работи и работни задачи и е утврден соодветниот коефициент на сложеност согласно Колективниот договор.

### 3.3 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.3.1 Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните позиции на Постојани средства и Извори на средства во Билансот на состојба на 31.12.2009 година во вкупен износ од 51.627 илјади денари поради следниве причини:

- Во сметководствената евиденција не е евидентирано земјиште на училиштето со површина од 13.105 м2;
- Во рамките на проектот Компјутер за секое дете, во јули 2008 година од МОН, училиштето има примено компјутерска опрема. Ревизијата констатира дека Одлуката на Владата на РМ за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари на јавните средни училишта во РМ е донесена шест месеци подоцна од извршеното примопредавање на опремата. Известувањето од МОН за цените на поединечните ствари е доставено во мај 2009 година, поради што опремата е сметководсвено евидентирана со задоцнување од една година. Иако со Одлуката, министерството е задолжено да склучи договор за трајно користење на движна ствар без надомест, со кој ќе се регулираат правата и обврските на движните ствари, до денот на ревизијата договорот не е склучен бидејќи не е потпишан од страна на сите учесници (МОН како дavател на движната ствар, градот Скопје како корисник на движната ствар и СУГС „Владо Тасевски“ како непосреден корисник на движната ствар);
- За опремата што е добиена од МОН во рамките на проектот Компјутер за секое дете: 257 компјутерски маси, 514 училишни столчиња и 73 постоља за куќиште, освен испратниците од фирмата од која се набавени средствата, на ревизијата не и беше доставена останатата пропратна документација од која може да се утврди на кој начин е добиена опремата, по која вредност, дали е склучен договор кој ќе ги регулира правата и обврските на примателот и давателот на опремата и сл. Опремата е примена во 2009 година, без податоци за утврдена вредност и истата до денот на ревизијата не е сметководствено евидентирана;
- Со Одлука на Владата на РМ од 14.04.2009 година, од Министерството за информатичко општество добиени се периферни уреди (2 ЛЦД проектори, 3 печатачи и 1 мултифункциски уред), за кои на 20.10.2009 година е потпишан Договор за трајно користење на движна ствар без

надомест. Опремата е примена во февруари 2009 година, без податоци за утврдена вредност поради што истата се уште не е сметководствено евидентирана;

- Со Одлуката за преотстапување на расходувани средства од 06.10.2009 година од Комерцијална банка добиени се 4 компјутери, без податоци за утврдена вредност поради што истите не се сметководствено евидентирани;
- При извршениот увид во пописните листи на материјалните средства со кои располага училиштето на ден 31.12.2009 година ревизијата констатира дека оние средства кои не биле сметководствено евидентирани (дел од средствата добиени од МОН и МИО), пописната комисија физички ги попишала, но притоа не се утврдени разлики помеѓу сметководствената и фактичката состојба на опремата во соодветниот пресметковен период, односно не е утврден вишок на овие средства. Одлуката за расходување на ситен инвентар и основни средства не е сметководствено спроведена од причини што предлозите од Пописната комисија за расход на инвентар и опрема се дадени општо без да се специфицира и дефинирана кој вид на средство треба да се расходува. Опремата не е обележана со инвентарни броеви, со што е отежната постапката за квалитетно и правилно попишување.

Неевидентирањето на дел од добиената опрема и неправилно спроведениот попис не е во согласност со членовите 54, 54-а и 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и членовите 19-21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и 19-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Овој начин не обезбедува реално и објективно прикажување на состојбата на средствата и изворите на ден 31.12.2009 година.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во СУГС „Владо Тасевски“ да превземат мерки и активности со кои ќе обезбедат МОН и Градот Скопје да ги достават потпишани договорите за давањето на опремата на трајно користење на училиштето, да се обезбедат податоци за утврдена вредност на опремата и истата да се евидентира.
2. Да се спроведат одлуките од пописот, а опремата со која располага училиштето да се обележи со инвентарни броеви.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.2 Училиштето во текот на 2009 година, преку склучени авторски договори ангажира професори за настава по основ на замена на отсутни професори за период од три месеци за кои во текот на 2009 година исплатени се надоместоци во вкупен износ од 246 илјади денари. Исплатата на

надоместоци е вршена преку агенција за услуги од областа на авторско право и индустриска сопственост врз основа на договори кои не се формално правно исправни, односно не се потпишани од страна на училиштето како корисник на услугата поради што истите не се и архивски заведени.

Во фактурите изготвени од агенцијата наведен е износот на надоместокот заедно со пресметан персонален данок на доход и агенциска провизија. Поради ваквиот начин на прикажување на авторско-изведувачките надоместоци, училиштето не е во можност да изврши контрола и потврда на точноста на доставените фактури и нема увид за висината на пресметаната агенциска провизија.

Наведеното, не е во согласност со член 47 од Законот за облигациони односи, член 2 од Уредбата за канцелариско и архивско работење, член 17 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 14 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Необезбедувањето на целосна и веродостојна документација со која ќе се потврдат исплатените средства создава ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства.

**Препорака:**
При склучување на договор со застапничките агенции да се утврди висината на агенциската провизија, а во фактурите за нивна исплата посебно да бидат наведени: висината на надоместокот, јавните давачки и провизијата.

## 3.4 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

3.4.1. Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на училиштето за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на 26 јавни набавки со постапка на прибирање понуди без објавување на оглас спроведени во 2009 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 3.221 илјади денари. Во текот на 2009 година од оваа сметка извршени се плаќања по основ на спроведени постапки во износ од 1.465 илјади денари.

Од извршениот увид во спроведените постапки утврдивме недоследна примена на членовите 28, 100, 101, 102, 103 и 167 од Законот за јавни набавки, поради следното:

- Не се донесени одлуки за јавните набавки со кои се утврдува предметот (видот) и количината на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за доделување на договорот за јавна набавка и се назначуваат претседателот и членовите на комисијата за јавна набавка;

- Нема потврда за доставено барање/покана за прибирање на понуди до најмалку три економски оператори;

- Кај 22 постапки за јавни набавки по пат на прибирање понуди не се доставени докази за потврдување на способноста за вршење на дејноста од страна на економските оператори;
- Бидејќи нема изготвено поедноставена тендерска документација доставените понуди од економските оператори се различни односно не се споредливи во поглед на понуден вид, тип, квалитет, количина и вредност;
- Записниците од Комисијата за јавни набавки не содржат податоци за цените на понудите, односно истите не се изготвуваат на законски пропишаниот образец,
- Училиштето писмено не ги известува понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда.

3.4.2. Не се спроведени постапки за јавни набавки за услуги во вкупен износ од 286 илјади денари за:

- Застапување при исплата на надомест за авторски хонорари во износ од 246 илјади денари преку агенција за услуги од областа на авторско право и индустриска сопственост со која училиштето во 2009 година склучило договор за ангажирање професори на замена на отсутни професори за период од три месеци за кои согласност од Градот Скопје е добиена во текот на нивниот ангажман;
- За автобуски превоз на ученици од прва година за 2009/2010 склучен е договор во износ од 82 илјади денари, а во 2009 година исплатени се вкупно 40 илјади денари.

Утврдените слабости во примената на Законот за јавни набавки не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**

Стручните служби во СУГС „Владо Тасевски“ да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата треба да ги спроведе во поглед на целосно обезбедување на потребната документација од страна на економските оператори, и спроведување на постапки за јавни набавки согласно законските одредби.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 3.3.1 погоре, која се однесува на сметководствено неевидентирана опрема, земјиште како и нецелосно и неправилно извршен попис на средствата и изворите на средства за 2009 година, ревизијата не беше во можност да ги квантифицира ефектите врз

финансиските извештаи на СУГС „Владо Тасевски“, сметка на расходи на буџет на дотации, но поради значајноста на утврдените слабости ревизијата се воздржа од давање мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на СУГС „Владо Тасевски“–сметка на расходи на буџет на дотации, на ден 31 декември 2009 година, додека резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2.1, 3.3.1, 3.3.2 и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 21.02.2011 година

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | | 36.644 | | 23.741 |
| **Вкупно приходи** | | **36.644** | | **23.741** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 31.172 | | 19.642 |
| Стоки и услуги | | 5.472 | | 4.099 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **36.644** | | **23.741** |
| **Вкупно расходи** | | **36.644** | | **23.741** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 3.817 | 2.986 |
| **Вкупно тековни средства** | **3.817** | **2.986** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 51.627 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **51.627** | **0** |
| **Вкупна актива** | **55.444** | **2.986** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.087 | 757 |
| Краткорочни финансиски обврски | 114 | 126 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.616 | 2.103 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3.817** | **2.986** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 51.627 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **51.627** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **55.444** | **2.986** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | - | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | 55.304 | - | 55.304 |
| Набавки | 15 | - | **15** |
| Пренос од сметка 603 -14 | 51.168 | - | **51.168** |
| Пренос од сметка 787 | 2.258 | - | **2.258** |
| Пренос од сметка 785 | 293 | - | **293** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.570 | - | **1.570** |
| **Намалување по основ на:** | **3.677** | - | 3.677 |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Амортизација | 3.677 | - | 3.677 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | 51.627 | - | 51.627 |